**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09-____ /3
____.07.2020 г.
Скопје

# ООУ„Маршал Тито“ – Струмица

| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | 16-18.12.2019 г. |
| **Број на извештај:** | /Југоисточен/ 2019 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Мирјана Насковска |
| **Вид на училиштето:** | основно |
| **Подрачни училишта:** | 2 |
| **Основач на училиштето:** | Општина Струмица |
| **Наставен јазик:** | македонски и турски |
| **Број на ученици:** | 766 |
| **Полова структура на ученици:** | 403 м и 363 ж |
| **Број на наставници:** | 62 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Ристо Сулев |
| **Директор на училиштето:** | Благица Устапетрова |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | од 21 до 23.12.2016 |
| **Адреса на училиштето:** | ул.„Кирил и Методиј“ бр.26 |
| **Телефон:** | 034/325-577 |
| **Факс:** | 034/325-577 |
| **e-mail:** | mtitosr@yahoo.com |
| **оценка од интегрална евалуација** | добар 3.35 |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/05; 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13 , 41/14 33/15, 145/15, 30/16) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

# Резиме

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за просветната инспекција од 21 до 23.12.2016 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во ООУ„Маршал Тито“ - Струмица. За време на надзор тимот извврши посета на наставни часа, одржа состаноци со директорот на училиштето, стучните соработници, Училишен одбор и Совет на родители, стручни активи, членови од тимот за изготвување на Самоевалуацијата и учениците (членови на ученичка зедница/ученички парламент).

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговор со различните фокус групи, посетеа на наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници за ученици, наставници, стручната служба, родители, директор и одговорно лице за образование при општината, како и од увидот во сите седум подрачја тимот од државни просветни инспектори констатира дека севкупното работење на училиштето се оценува **добар (3.35).**

Наставниот процес во училиштето се изведува по наставен план и се планира согласно наставните програми за деветгодишно основно образование и програми и по Кемриџ. По наставниот предмет Физичо и здраствено образование во оддленска настава со одделенскиот наставник, настава реализира и друг наставник. Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Училиштето има регистриран училишен спортски клуб „Самораница“ Струмица.

Училиштето го следи целокупниот воспитно - образовен процес,постигањата и психо-физичкиот развој на учениците. Училиштето ги идентификува учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни поредби (со и без наод и мислење – инклузирани во воспитно - образовниот процес) и превзема мерки и активности за стекнување на знаења, умеења и вештини. За постигнување на добри резултати училиштето реализира додатна и дополнителна настава. Од податоците во однос на постигања, поведение и изостаноци на учениците во последните три учебни години може да се оцени дека се континуирано добри со тенденција за поголеми успеси и постигања. Средниот успех на учениците во училиштето во последните три учебни години е одличен (3.50). Вработените и учениците се горди на постигањата на учениците. Училиштето има изградено имиџ за поддршка на учениците од турска националност и реализација на многугбројни активности со ученици од различна етничка припадност.Во училиштето се образуваат ученици од својот реон. Редовноста на учениците е добра.

Поддршката и следењето на планирањата на наставниците од страна на стручната служба и директорот е добра. За изготвување на планирањата наставниците разменуваат искуства на ниво на 13 стручни активи. Наставниот процес се реализира согласно наставниот план и програма, Годишната програма на училиштето, Годишните планирањата на наставниците и распоред на часови. Во наставниот процес најголем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење, а помал број на наставници планираат и користат техники во наставниот процес. Употребата на информатичко комјутерска технологија во наставата е добра. Најголем број наставници вршат правилен избор на задачи, активности и ресурси за реализација на наставните содржини, со цел да ги постигнат целите. Интеракција помеѓу наставник-ученик е многу добра, а интеракција ученик-ученик е добра. Атмосферата на помал број часови е мотивирачка. Помал број наставници настојуваат да ги вклучат сите ученици во процесот на учењето според нивните способности. Училиштето има пропишана процедура за оценување и најголем број наставници користи разни методи при оценувањето на учениците. Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците.

Училишниот простор е безбеден за настава. Училиштето има пропишани процедури за заштита од физички повреди, елементарни непогоди и насилство. Училиштето води грижа за здравјето на учениците. Наставниците и стручната служба за учениците од разни категории се грижат и даваат поддршка.Со нив работи инклузивен тим формиран

со Одлука бр.09-441/6 од 30.08.2019 година, исто така и за секој ученик формиран е инклузивен тим кој индивидално ќе дава поддршка на ученикот.Тимот има изготвено програма за работа,а помал број од наставниците имаат изготвено инивидуални образовен план. Директорот и стручната служба (педагог и психолог) водат евиденција и анализа за постигањата на учениците.Стручната служба изготвува програма, организира предавања, орагнизира посети во средни училишта, врши тестирања и разговара со учениците и родителите за избор на понатамошно образование.

Училиштето има донесено Кодекс на однесување на сите структири бр.04-80/1 од 08.02.2016 година и Куќен ред бр.04-79/1 од 08.02.2016 год. Дисциплината и повединието на учениците се добри. Постигањата на учениците и училиштето се промовираат на разни настани и манифестации на локално, регионално ниво. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичност, почитивајќи ги правата на децата. Училиштето го промовира мултикултурализмот. Односите и соработката на директорот со стручните тела и органи, како и со локалната средина е многу добра. Соработката со деловната заедница и невладиниот сектор е добра. Училиштето соработува со УСАИД, МЦГО, УНИЦЕВ, ОХО, НВО„Тика“...

Просторните услови и искористеноста на просторните капацитети (училници – кабинети, фискултурна сала и спортски терен) се добри. Опременоста со нагледни средства по најголем број наставни предмети е добра. Воспитно-образовниот процес се реализира од страна на соодветен наставен кадар. Училиштето континуирано превзема мерки за професионален развој на наставниците. Раководниот орган училишниот буџет добро го планира.

Орган на управување во училиштето е училишен одбор, истиот е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е уредена во Деловник за работа бр.09-303/5 од 13.06.2018 год. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.

Раководниот орган на училиштето - директорот работи согласно изготвената Програма за работа. Директорот на училиштето во својот период на раководење има превземено активности за подобрување на условите за работа во училиштето, високи постигања на учениците и наставниците во воспитно-образовниот процес, изграден имиџ и воспоставена добра климата за работа.

Приоритет на директорот за училиштето се :

- поголемо учество на учениците во носење одлуки и давање предлози во нивен интерс
- голема поддршка на учениците со посебни потреби
- поголемо учество на натпревари

Работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето и Систематизација за работни места. Од страна на Министерството за образование и наука со Решение бр.18-1233 од 12.06.2019 година дадена е согласност за Статутот на училиштето бр.01-207/2 од 17.06.2019 год. Со Одлука бр.09-614/5 од 27.11.2019 година усвоен е изготвен Статут согласно новиот Закон за основното образование и Законот за наставниците во основните и средните училишта.

Училиштето од 30.08.2019 година со арх. бр.10-456/1 има изготвено Самоевалуација за период 2017–2019 година и од 31.08.2017 година со арх.бр. 02-475/1 има изготвено Програма за развој за период 2017–2021 год. Во Програмата за развој нецелосно се опфатени слабите старни определни во Самоевалуацијата.

За учебната 2019-2020 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа бр.01-442/1 од 30.08.2019 година,усвоена од Училишниот одбор.